Република Северна Македонија
**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА СТРУМИЦА**
ул. “Сандо Масев” бр.1 2400 Струмица, Северна Македонија
подцентрала: 348-026, факс 320-544
www.strumica.gov.mk gradonacalnik@strumica.gov.mk

Врз основа на член 62, став 10, од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25, 101/25, 127/25), Градоначалникот на општина Струмица, објавува

**СООПШТЕНИЕ**
**ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВЕН УВИД**

Се организира јавен увид на **Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички план за градби со намена Д3.1 - спортски терени на отворено на КП 181, со проектен опфат КП 181 и дел од КП 1489 КО Градско Балдовци, општина Струмица.**

Со овој Урбанистички проект се опфаќа простор со површина од 2891,5м$^2$. Просторот на планскиот опфат ги зафаќа: **КП 181 и дел од КП 1489 КО Градско Балдовци**, Општина Струмица.

Одлуката за организирање на јавната анкета и јавна презентација ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за урбанизам и комунални работи, на ВЕБ страницата на Општина Струмица, во Службен гласник на општина Струмица и во две јавни гласила.

Јавниот увид ќе трае (15дена) од 09.10.2025 година до 24.10.2025година.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со Урбанистичкиот проект можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

Бр.03-7350/2
09.10.2025 год.
Струмица

Општина Струмица
Градоначалник
Костадин Костадинов